ЦЕНТРАЛНА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ул. „16[та] Македонска бригада“ бр. 18, 1000Скопје; тел/факс 02 32 87 904

ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ бр. 14-197/2007

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - I
Бр. 14/225
16. 07 2007 год.
Скопје

Нарачател: **TONDACH - ВИНИЦА**

Датум на извршување на мерењето: 05.07.2007год.

Мерењата се извршени од: Централна лабораторија за животна средина
дпл.хем.инг.Драган Бучев
хем. тех. Томо Грујоски
хем. тех. Бранко Акимовски

Резултатите од мерењата се доставени до лабораторијата: 05.07.2007год.

Датум на обработка на резултатите од мерењата: 05.07.2007 год.

Датум на издавање на извештајот: 09.07.2007 год.

Одговорен: дипл. Хем.инг. Бучев Драган
(тел. 02 3287-904 лок. 106)

Одобрува: Катица Василева
Раководител

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - I * СКОПЈЕ *

Број на страни: 6

Број на прилози: /

ул. „16та Македонска бригада“ бр. 18, 1000Скопје; тел/факс 02 32 87 904

1.0 ВОВЕД

На барање на **TONDACH - ВИНИЦА** , Централната лабораторија за животна средина на 05.07.2007 год. изврши мерења и анализа на емисија на штетни материи и чаден број од канали за одвод на гасови во фабриката за керамиди TONDACH - ВИНИЦА што се емитираат во животната средина, согласно Законот за заштита и унапредување на животната средина (“Сл. весник на РМ” бр.51/2000).

Интерпретацијата на резултатите од извршените мерења и анализи на емисија на штетни материи е во согласност со Правилникот за максимално дозволените концентрации и количества на штетни материи што може да се испуштаат во воздух од одделни извори на загадување (“Сл. весник на СРМ” бр. 3/1990) каде се пропишани максимално дозволените концентрации (МДК) и максимално дозволените количества (МДКО) на штетни материи во цврста, течна или гасовита состојба што смеат да се испуштаат во воздухот од вентилациониот канал (оџак).

Резултатите од снимањето се дадени табеларно за вентилациони канали (оџаци) со податоци за најдената концентрација (mg/m^3) и количество (kg/h) за секоја штетност.

Мерењата се вршени во присуство на стручни лица на фабриката за керамиди TONDACH - ВИНИЦА и во услови на постојан режим на работа.

ул. „16ти Македонска бригада“ бр. 18, 1000Скопје; тел/факс 02 32 87 904

2.0. ПРИКАЗ НА МЕТОДОЛОШКИОТ ПРИОД ВО СНИМАЊЕТО, НА ЕМИСИЈА НА ХЕМИСКИ ШТЕТНОСТИ И ЧАДЕН БРОЈ ВО ИЗЛЕЗНИТЕ ГАСОВИ ШТО СЕ ЕМИТИРААТ ОД ВЕНТИЛАЦИОНИОТ КАНАЛ (ОЏАК)

Централната лабораторија за животна средина изврши мерења на хемиски штетности и чаден број во излезните гасови што се емитираат во животната средина од фабриката за керамиди TONDACH - ВИНИЦА и тоа мерно место бр.1 котлара – котел тип Wima damptertenger Typ GDE 1500 фабрички број 1153966 и мерно место број 2 оџак од тунелска печка после вентилатор.

Мерењата на концентрациите на CO, CO_2, SO_2, NO_x и O_2 се вршени со компјутер-анализатор за гасови тип Ekom-SL compjutertechnik 5860.

Притисокот, брзината и протокот на гасови се мерени според препораките за мерење емисија на штетни материи од стационарни извори – ISO 10708.

Мерењата на волуменскиот проток на гасот се вршени со микроманометар MARK-AIRFLOW TESTING SET.

Температурата на гасовите во каналите е мерена со Ekom-SL.

Користени инструменти во мерењата:

- микроманометар MARK-AIRFLOW TESTING SET
- Пит-ова сонда S–тип (диференцијален притисок)
- Ekom-SL (гас анализатор)

3.0 РЕЗУЛТАТИ ОД МЕРЕЊАТА

ТАБЕЛА 1:

Име на фирмата: TONDACH - ВИНИЦА	**Лабораториски број на мерењето:** 40585
Мерна локација: Оџак на котел тип Wima damptertenger Typ GDE 1500 фабрички број 1153966	**Датум:** *05.07.2007*
Гориво: ПЛИН	**Потрошувачка на гориво:** 880 литри на час

Податоци од извршените мерења:

Мерени параметри		**t**	**O_2**	**CO**	**SO_2**	**NO_x**	**CO_2**	**Чаден број**	**Влага**	**Волум. проток на гас**	**Масен проток на гас**	**Брзина на гасот**
Измерени вредности		**°C**	**%**	**ppm**	**ppm**	**ppm**	**%**	-	-	**Nm^3/h**	**kg/h**	**m/s**
		134	10,1	25	<1	16	6,3	0	-	997	878	3,3
O_2 3 %	**mg/Nm^3**	-	-	52	<4,7	54	-	0	-			
МДК, mg/Nm^3		-	-	100	-	200	-	0	-			
Емисионо количество, kg/h		-	-	0,05	<0,004	0,05	-	-	-			

3.0 РЕЗУЛТАТИ ОД МЕРЕЊЕТО

ТАБЕЛА 2:

Име на фирмата: TONDACH - ВИНИЦА	**Лабораториски број на мерењето:** 40586
Мерна локација: оџак од тунелска печка после вентилатор.	**Датум:** *05.07.2007год.*
Гориво: мазут	**Потрошувачка на гориво:** мазут

Податоци од извршените мерења:

Мерени параметри		t	O_2	CO	SO_2	NO_x	CO_2	Цврсти честички	Влага	Волум. проток на гас	Масен проток на гас	Брзина на гасот
Измерени вредности		°C	%	ppm	ppm	ppm	%	mg/m³	-	Nm³/h	kg/h	m/s
		142	15,7	232	201	33	4,2	-	-	30839	26553	10,67
O_2 18 %	mg/Nm³	-	-	290	575	68	-	-	-			
МДК, mg/Nm³		-	-	-	1500	-	-	-	-			
Емисионо количество, kg/h		-	-	8,9	17,7	2,08	-	-	-			

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Служба за животна средина
ЦЕНТРАЛНА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ул. „16-та Македонска бригада“ бр. 18, 1000Скопје; тел/факс 02 32 87 904

4.0 ЗАКЛУЧОК

Врз основа на добиените резултати од мерењата на емисија на гасови и прашина од оџак на печка во фабриката за керамиди TONDACH - ВИНИЦА и тоа мерно место бр.1 котлара – котел тип Wima damptertenger Typ GDE 1500 фабрички број 1153966 и мерно место број 2 оџак од тунелска печка после вентилатор. извршени на 05.07.2007. може да се донесе следниот заклучок:

- **концентрациите на CO , NO_x и чадниот број на** мерно место бр.1 котлара – котел тип Wima damptertenger Typ GDE 1500 фабрички број 1153966 е во рамките на МДК согласно Правилникот за максимално дозволените концентрации и количества на штетни материи што може да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување (“Сл. весник на СРМ” бр.3/90, член 11 точка 3)

- **Концентрацијата на SO_2 на** мерно место број 2 оџак од тунелска печка после вентилатор е во границите за МДК согласно Правилникот за максимално дозволените концентрации и количества на штетни материи што може да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување (“Сл. весник на СРМ” бр.3/90, член 13,точка3)

Напомена : Презентираните вредности важат за услови и работни процеси кои биле во времето кога се вршени мерењата.

Забелешка : Мерните места не одговараат на барањата на стандардот ISO 10780 за линеарност на каналот од 5d .

Резултатите соопштени во овој извештај се однесуваат само наизвршените мерења.

Умножувањето на овој извештај е дозволено само како целина. Делови од овој извештај не смеат да се умножуваат без писмено одобрение од Централната лабораторија за животна средина.

- Емисионата концентрација на прашина како и проби на прашина за понатамошни анализи не е измерена и земена поради непостоење на соодветно мерно место (на оџакот нема соодветен отвор за влез на сондите за земање мостри)